Врз основа на член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 47 од Статутот на Технолошко-металуршки факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 466/2019) и Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет – Скопје, Изборната комисија донесе

**УПАТСТВО ЗА РАБОТА НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Со ова Упатство се утврдува работата на Изборната комисија, се утврдува изгледот на гласачкото ливче, образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

2. Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет во Скопје е составена од 5 члена од кои 2 члена од наставниот кадар на факултетот и 3 студенти.

Изборната комисја има права и обврски за успешно спроведување на студентските избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

3. По распишување и објавување на одлуката за избори на членови и претседатаел на ФСС на ТМФ, изборната комисија ја води целокупната постапка за успешно спроведување на изборите.

4. Кандидатите за членови во факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии.

5. Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 30 редовни студенти од Факултетот. Подршката се изразува со своерачен потпис од студентите.

6. Изборната комисија по одржување на собири по години и утврдување на кандидати донесува записник и одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат условите за кандидати за членови на ФСС.

7. По завршување на рокот за пријавување на кандидатура за претседател на ФСС изборната комисија донесува записник и одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат условите за претседател на ФСС.

8. По утврдување на кандидатите се изготвуваат гласачки ливчиња за членови на ФСС и гласачко ливче за претседател на ФСС.

9. На датумот одреден за тајно гласање избрната комисија го спроведува гласањето во период од 8-16 часот

10. Гласачките ливчиња мораат да бидат во еднаква големина.
Гласачкото ливче ги содржи редниот број и датумот на одржувањето на гласањето, кандидатте за кои се гласа, кратко упатство за начинот на гласањето, потпис на членовите на комисијата и печат на Факултетот.

11. Во гласачкото ливче за избор на кандидати за ФСС се наведуваат имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња по студиски години.
Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.
При тајното гласање за избор, студентите гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот, односно на кандидатите.
Во зависност од бројот на студентите што треба да бидат избрани, студентите гласаат за точниот број на лица што треба да бидат избрани или за помал број на лица и во таков случај гласачкото ливче се смета за важечко.
За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, односно именува, непотполнетото гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат студентот гласал.

12. По спроведеното тајно гласање изборната комисија пристапува кон пребројување на гласовите за членови и претседател на ФСС и тоа:

- 2 (два) претставници од прва година од прв циклус студии;

За членови на ФСС ќе бидат избрани кандидатите кои добиле најголем број гласови.

- 4 (четири) претставници од втора година од прв циклус студии;

За членови на ФСС ќе бидат избрани кандидатите кои добиле најголем број гласови.

- 4 (четири) претставници од трета година од прв циклус студии;

За членови на ФСС ќе бидат избрани кандидатите кои добиле најголем број гласови.

- 3 (три) претставници од четврта година од прв циклус студии;

За членови на ФСС ќе бидат избрани кандидатите кои добиле најголем број гласови.

- 1 (еден) претставник од постдипломски студии

За членови на ФСС ќе бидат избрани кандидатите кои добиле најголем број гласови.

13. Во случај на еднаков број гласови за одредени кандидати и тоа кога нивниот број го преминува предвидениот број на гласови избран ќе биде кандидатот со подобар просек. Ова се однесува за кандидатите од втора, трета и четврта година од прв циклус студии и од постдипломски студии.
За студентите од прва година ќе биде избран кандидатот со поголем број бодови при упис во прва година.

14. По завршување на гласањето во 16 часот Изборната комисија започнува со пребројување на гласовите.

По пребројување на гласовите се составува записник.

15. Резултатите од гласањето се објавуваат на веб страната најдоцна следниот ден од гласањето и на огласна табла на факултретот.

16. Целокупната документација од изборната постапка претседателот на изборната комисија ја предава во архивата на факулктетот и истата се чува 1 година од завршување на студентските избори.

17. Увид во изборната документација има секој редовен студент кој учествувал во изборите со поднесување на писмено барање.

Изборна комисија

1. Д-р Бошко Бошковски, вонреден професор, претседател
2. М-р, Ружица Стевковска Стојановска, член
3. Сара Марковска, студент, со број на индекс 7528, член
4. Бојан Гиновски, студент, со број на индекс 7457, член
5. Мила Колева, студент, со број на индекс 7605, член